ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

## ЗА 2018 ГОДИНА НА ОПШТИНА ГОСТИВАР
## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2019 07 01/1

**Скопје, октомври 2019 година**

*Ревизорски тим:*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________
*3.* ____________________________

*Овластен државен ревизор*
____________________________

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 21 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година | |
| Основен буџет на сметката 630 | |
| Биланс на приходи и расходи | 22 |
| Биланс на состојба | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 24 - 25 |
| - Сметководствени политики | 25 - 28 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 29 - 34 |
| Прилог: | |
| Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |
| Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |

Кратенки користени во извештајот:

ГДР – Главен државен ревизор
ISSAI – Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции
РСМ – Република Северна Македонија
ОДР – Овластен државен ревизор
ЕЛС – Единица на локална самоуправа
УЈП – Управа за јавни приходи
ЈП – Јавно претпријатие
ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЕВН Македонија АД Скопје – назив на компанија чија главна дејност е дистрибуција и снабдување со електрична енергија во Република Македонија
АД – Акционерско друштво

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:13-111/9

Дата: 03.10.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (630) на Општина Гостивар за 2018 година.

За финансиските извештаи за 2018 година на сметката на основниот буџет (630) на Општина Гостивар изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Општина Гостивар за 2010 година при што ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Во февруари 2012 година е извршена ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година, при што е констатирано дека за истите делумно се преземени активности.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Гостивар, сметка на основен буџет (630), за 2018 година, е констатирано следното:

- при оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на даноците на имот постои ризик од нецелосност на приходите;
- при оценка на системот на внатрешните контроли во процесот на буџетирање, оценивме дека истите делумно функционираат;

- и покрај донесен ребаланс на Буџетот за 2018 година постои отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи, при што приходите се остварени со 55 %, а расходи со 70 % што придонесува да не се реализираат зацртаните цели и задачи;
- годишниот извештај за работењето за 2018 година не е комплетен со што е намалена транспарентноста во работењето на Општината;
- утврдувањето и наплатата на данокот на имот на градежно и земјоделско земјиште се врши согласно донесена Одлука за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот – градежно земјиште, дворно место и земјоделско земјиште, која не е усогласена со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот;
- не е извршен надзор над наплатата на таксата за привремен престој за 2018 година кај субјекти кои даваат таков вид на услуга и не е донесена Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност од страна на Советот;
- Општина Гостивар не остварува приходи по основ на комунална такса за користење на музика во јавните локали и за надоместок за јавна чистота;
- комунална такса за користење на плоштад и друг простор во градовите и други населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност не се наплаќа согласно Одлуката за висината на комуналните такси;
- отуѓувањето на градежно земјиште со непосредна спогодба не е извршено согласно Уредбата за висина на цената градежното земјиште
- не е утврден правниот основ и старосната структура на побарувањата по основ на даноци на имот и комунални такси со состојба на 31.12.2018 година.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ги истакна следните состојби :

- судските постапки кои се водат против Општината и кои се во тек, а за кои постои неизвесност од конечниот исход и можност од дополнително оптеретување на буџетот на Општината, со камати и судски трошоци во наредниот период;
- доколку реализацијата на приходите од данок на недвижен имот е пониска од 80% постои неизвесност во однос на остварување на приходот од закуп на земјоделско земјиште кој што е значаен приход за општината која е рурална општина и

- за приходот од концесии не можат да се направат реални проекции од причина што општината не располага со соодветни податоци за концесии на нејзина територија.

Во делот Останати прашања, ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива, односно поради недоречености во одредени закони, општините немаат увид во целосноста и точноста во остварувањето на одредени приходи и тоа:

- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија;
- комуналната такса за користење на патиштата со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините, општините во Град Скопје и градот Скопје;
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување за која не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ;
- во Законот за пожарникарство предвидени се одредби за уплата на одредени надоместоци во буџетот на општините, но не е прецизирано на кој начин општините ќе имаат увид во целосноста и точноста на уплатените средства;
- неусогласеност на Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост со Законот за катастар на недвижности и Правилникот за премер и обработка на податоците од премерот.

Од одговорното лице градоначалникот на Општина Гостивар, на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, доставени се забелешки кои се однесуваат на точките 4.1.1., 4.2.1.,4.2.3., 4.2.4. и 4.2.5.. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не претставуваат забелешки туку претставуваат известувања за преземените мерки за надминување на состојбите.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 22 и 23 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гостивар сметка на основен буџет (630) кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2010 година при што изразено е мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општина Гостивар застапувано од:

- д-р Арбен Таравари од 02.11.2017 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03.2019 до 31.05.2019 кај Општина Гостивар од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година на Општина Гостивар е извршена во 2012 година, при што е констатирано дека постигнат е делумен напредок. Имено од вкупно 4 препораки една препорака е спроведена, една делумно спроведена, една во тек на спроведување и една препорака е неспроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на Општината - предмет на ревизија, на ден 15.07.2019 година.

На ден 30.09.2019 година, од страна на одговорното лице градоначалникот на Општина Гостивар доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-111/8 од 27.09.2019 година. Забелешки се однесуваат на точките 4.1.1., 4.2.1.,4.2.3., 4.2.4. и 4.2.5..

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не претставуваат забелешки туку известување за преземените активности за надминување на состојбите.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Внатрешни контроли

### Процес на буџетирање

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека иако се донесени процедури за планирање и донесување на буџетот не се воспоставени контроли кои обезбедуваат навремено и транспарентно донесување на Буџетот на Општина Гостивар согласно Законот за буџети и Законот за финансирање на ЕЛС. Ова се должи на следното:

- делумно се почитуваат насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии;
- од страна на градоначалникот на општината не е изготвен предлог план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот кој согласно член 21-б од Закон за буџетите се доставува до Советот најдоцна до 20 октомври, додека Советот на општината го одобрува Предлог планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември и
- не се одржани јавни расправи во функција на транспарентно донесување на буџетот.

Причини за овие состојби се локалните избори кои се одржани на 15 октомври кога треба да се реализираат активностите за изготвување на буџетот. Градоначалникот на општината ја презема функцијата на 02.11.2017, а Советот е конституиран на 17.11.2017 година.

Поради тоа што Советот на општината не го донел буџетот на општината до 31 декември во тековната година, од страна на општината донесена е Одлука за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гостивар за период од 01 јануари до 31 март 2018 година[1]. Буџетот за 2018 година од страна на Советот е донесен на 20.03.2018 година

**Препорака**

Градоначалникот да преземе мерки и активности за доследна примена на донесените процедури во функција на навремено и транспарентно донесување на Буџетот.

4.1.2. При оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на пресметување, утврдување и наплата на приходите по основ на даноци на имот, имајќи ја во предвид значајноста на наведените приходи, за чие администрирање е надлежна општината, утврдени се ризици кои може да влијаат на точноста и целосноста на приходот поради следното:

1. Одлука за времено финансирање бр. 08-1071 од 24.01.2018

- со Правилникот за систематизација на работните места во рамки на одделението за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината предвидени се единаесет работни места, а пополнети се пет работни места. Во услови на недоволен број на вработени во одделението, во општината не е воспоставена сегрегација на надлежности и одговорности, при што раководителот на одделение покрај работните задачи предвидени во систематизацијата постапува по предметите за данок на имот по пријави на даночните обврзници, а истовремено е и даночен книговодител;
- не е извршено печатење и авторизирање на облогателна листа за 2018 година, која е основ за евидентирање на побарувањата по основ на даноци на имот.

Претходно наведената состојба не е во согласност со одредбите на член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик од нецелосно функционирање на клучните контроли и ризик од грешки и пропусти во работењето.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за разграничување на надлежностите и функционирање на контролите во одделението за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината.

4.2. **Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Со буџетот за 2018 година, Општината има планирано приходи и расходи во износ од 351.500 илјади денари што во однос на реализираниот буџет во 2017 година, проекцијата на приходите и расходите е направена со зголемување од 29%.
Во текот на годината остварени се приходи во износ од 296.080 илјади денари или 84,23 % од планираните приходи, а расходи во износ од 290.810 илјади денари или 82,73 % од планираните расходи.
Во текот на годината согласно член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, донесен е ребаланс на буџетот со цел да се изврши усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, но и покрај тоа утврдени се отстапувања.
Кај приходите значително е отстапувањето кај капиталните приходи кои се остварени со 55%, а кај расходите значително е отстапувањето кај капиталните расходи кои се остварени со 70%.
Нереалното планирање на приходите и расходите има влијание врз реализацијата на предвидените годишни програмски активности за 2018 година што создава ризик од преземање на обврски, иако нема реална можност од обезбедување на средства.
Во месец ноември 2018 година, направена е измена со дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со која е регулирано дека

сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција, со што е намалена можноста од донесување на нереални буџети кои се остваруваат со големи отстапувања.

**Препораки:**

- одделението за финансиски прашања, изготвувањето на буџетот да го темели на реалните состојби и можности и на основа податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување, а согласно претходно наведената одредба од Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и
- при неостварување на планираниот буџет надлежните служби да пристапат и кон измена на буџетските програми.

4.2.2. Советот на Општина Гостивар на седницата одржана на 28.02.2019 година, има усвоено Годишен извештај за работењето на Општината Гостивар во 2018 година. Годишниот извештај не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми и извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка, што не е во согласност со одредбите од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во кој е утврдена содржината на годишниот извештај. Не доставување на комплетен извештај за работењето на општината до Советот ја намалува транспарентноста на работењето на општината и придонесува советниците и граѓаните да не се информирани за реалните состојби во кои се наоѓа општината, како и влијае на донесувањето на одлуките од страна на Советот.

**Препорака**:
Надлежните органи на општината да преземат мерки и активности за изготвување на годишниот извештај со сите составни делови согласно законските прописи.

4.2.3.При утврдувањето и наплатата на приходите по основ на даноците на имот ревизијата го утврди следното:

- Општина Гостивар нема извршено репроценка на пазарната вредност на целиот недвижен имот на територијата на општината, согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот. Во 2010 година се преземени мерки за репроценка на пазарната вредност на недвижниот имот, меѓутоа истото е направено само за одредени реони, а не на цела територија на општината, поради што за дел од вредноста на недвижниот имот се користат податоците добиени од УЈП од 2005 година. Наведената состојба не е во согласност со член 5 од Законот за даноците на

имот, согласно кој основицата за данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена согласно Методологијата. Не ажурираниот регистар на даночни обврзници создава можност од нереално утврдени и наплатени приходи по основ на данок на имот.

- Од страна на Советот на Општина Гостивар донесена е Одлука за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Гостивар бр.07-1750/1 од 14.11.2014 година, која не е усогласена со Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот од 2012 година и измените на истата од 2013 година во однос на начинот на утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (градежно и земјоделско земјиште);
- Како резултат на неусогласеноста на Одлуката со Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот, пресметувањето на пазарната вредност на земјиштето од страна на проценителите во Општина Гостивар се врши по цени утврдени во Одлуката донесена од Советот на општината во 2014 година, иако во Методологијата е утврдено дека пазарната вредност на градежното и земјоделско земјиште се утврдува секоја година според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето, што има влијание на точноста на утврдените и наплатени приходи по овие основи;
- Со Одлука за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Гостивар бр.07-1750/1 од 14.11.2014 година, во рамки на секоја зона се определени и подзони со цени во распон од-до, за кои не е точно дефинирано кои локации во рамки на зоната ги опфаќаат, и која е вредноста на секоја подзона, особено затоа што доаѓа до преклопување на подзоните односно една иста подзона може да се сретне во рамки на две различни зони;
- не е направена проценка на објектите за кои е извршено утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, поради невоспоставена соработка на одделението за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината и секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животната средина, со цел задолжување со данок на имот на обврзниците кои извршиле легализација на градежни објекти;
- Од страна на општината во 2018 година не се преземени мерки за издавање на опомени и издавање на решенија за присилна наплата, што не е во согласност со член 53 од Законот за даноците на имот .

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај Општина Гостивар започнала со доставување на опомени на правни лица за ненаплатени побарувања по основ на данок на имот и донесено е решение бр.09-2146/1 од 25.09.2019 за формирање на

работно тело кое ќе пристапи кон изменување и дополнување на Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Гостивар.

**Препорака:**
Надлежните органи да преземат мерки и активности за:
- целосно ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот за физички лица и правни лица кои подлежат на оданочување согласно методологијата;
- усогласување на Одлуката за определување зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот со Методологијата, дефинирање на локации и цени за подзоните утврдени со Одлуката, врз основ на кои ќе се врши правилна процена на пазарната вредност на недвижниот имот.
- да продолжат започнатите постапки за присилна наплата на даноците на имот како од правните така и од физички лица даночни обврзници,.

4.2.4. Општината Гостивар во текот на 2018 година има остварено приходи по основ на комунална такса за привремен престој во износ од 148 илјади денари согласно Законот за таксата за привремен престој. Со извршениот увид во документацијата ревизијата го констатира следното:
- од страна на општината не е извршен надзор над наплатата на таксата за привремен престој за 2018 година кај субјектите кои даваат таков вид на услуга согласно член 10 од Законот за таксата за привремен престој. Во Правилникот за систематизација на работните места, има утврдено работно место-овластен инспектор за угостителска и туристичка дејност но истото не е пополнето и
- од страна на Советот не е донесена Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност за подобрување на условите за престој, согласно член 9 од Законот за таксата за привремен престој со која ќе се утврди намената на користење на средствата прибирани по овој основ.

Со невршење на инспекциски надзор од страна на овластен инспектор, ревизијата не може да се увери во точноста и комплетноста на утврдените и наплатените приходи по овој основ, а не донесувањето на Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност за подобрување на условите за престој не дава уверување за наменското користење на прибираните средства.

**Препорака:**
Одговорните лица во Општината да преземат мерки и активности за:
- извршување надзор над наплатата на таксата за привремен престој кај субјектите даватели на угостителски услуги и

- донесување на посебна Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност од страна на Советот.

4.2.5.Согласно Законот за јавна чистота во 2009 година донесена е Одлука за одржување на јавна чистота и утврдување на надоместок за одржување на јавна чистота, со која е утврден и начинот на плаќање на истиот. Средствата од надоместокот се користат за финансирање на работите на јавната чистота. Наплата на надоместокот од правни и физички лица се врши од страна на ЈП Комуналец преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комунален отпад и на другите видови неопасен отпад. ЈП има обврска наплатените средства да ги уплати на буџетската сметка, а за извршената услуга на јавна чистота да фактурира и да наплати од Општината.
Во 2018 година Општина Гостивар нема остварено приходи по овој основ, што не е во согласност со член 25 од наведениот Закон. Ваквата пракса на недозначување на наплатените средства од страна на ЈП во корист на буџетската сметка е присутна и во минати години, што има за ефект помалку остварени приходи во буџетот на општината.

**Препорака:**
Стручните служби да преземат мерки и активности  за следење на наплатата на надоместокот за одржување на јавна чистота и пренесување на наплатените средства во корист на сметката на Општината.

4.2.6.  Општина Гостивар, во 2018 година, нема остварено приходи од комунална такса за користење на музика во јавните локали што не е во согласност со одредбите од Законот за комуналните такси, тарифа број 5 од Тарифата за комунални такси и Одлуката за висината на комуналните такси на подрачјето на Општина Гостивар бр.07-1270/1 од 22.07.2005 година донесена од Советот, во која е утврден износот на комуналната такса во висина од 6 илјади денари годишно. Ваквиот начин на работење има за ефект помалку остварените приходи на општината.

**Препорака:**
Одговорните лица на општината да преземат мерки и активности за утврдување и наплата на комуналната такса за користење на музика во јавните локали согласно законската регулатива.

4.2.7. Обврската за комунална такса за користење на плоштад и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност согласно Законот за комуналните такси (Тарифен број 7 од Тарифата за комуналните такси), се пресметува врз основа на поднесена пријава на обврзникот пред започнувањето на

користење на плоштад и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност.
Општина Гостивар е надлежна за издавање на одобрение за користењето на овие јавни површини за што Советот има донесено Одлука за утврдување на висината на комуналните такси на подрачјето на Општина Гостивар[2] во која е утврдено дека се плаќа такса од 5 денари дневно за заземена површина од м$^2$.

Со ревизијата на приходите по претходно наведениот основ се констатира дека комуналната такса за користење јавна површина во Општина Гостивар, не се пресметува согласно Одлуката, туку истата се утврдува во паушален износ. Од страна на службите во општината не се изготвува пресметка за да се утврди точниот износ на комуналната такса за користење на јавната површина и истата да се одобри од страна на овластено лице. Ваквата состојба има влијание врз висината на остварените приходи во општината.

**Препорака**
Одделението за администрирање со приходи да преземе мерки и активности за целосна примена Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси донесена од Советот на општината.

4.2.8. Согласно Законот за градежно земјиште со Одлука на Владата на РСМ од 02.05.2012 година на Општина Гостивар и е пренесено правото за располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ. При тоа, за да можат општините да ги вршат работите за располагање со градежното земјиште сопственост на РСМ, потребно е да исполнуваат неколку услови:

- да имаат изготвено и усвоено едногодишна програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на РСМ;
- да имаат потребен број на вработени лица кои поседуваат овластување (пет лица за општини кои имаат повеќе од 80.001 жител);
- да имаат воспоставено електронски систем за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на РСМ.

Со извршениот увид во документацијата ревизијата го констатира следното:

- Општината нема донесено едногодишна програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија за 2018 година, предвидено во член 99 од Законот за градежно земјиште, со која ќе се утврдат градежните парцели кои ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање и градежните парцели кои ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање, што влијае на

[2] Одлука за висината на комуналните такси на подрачјето на Општина Гостивар бр. 07-1270/1 од 22.07.2005

самото менаџирање со градежното земјиште. Имено оваа програма ги третира териториите, односно опфатите на урбанистичките планови каде што земјиштето е во сопственост на РСМ и каде што согласно Законот за градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјиште во рамки и на начин определен со Законот за градежно земјиште. Во 2019 година е изготвена Предлог Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Гостивар за 2019 година, и е усвоена од Совет во јули 2019 година.

- Со извршен увид во поединечни предмети за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба кај еден предмет ревизијата утврди неправилности во делот на утврдување на цената на градежното земјиште сопственост на РСМ односно неправилно применување на одредбите на Уредбата за висината на цената на градежно земјиште сопственост на РСМ.

**Препорака:**
Одговорните лица да преземат мерки при спроведување на постапките за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба да се применуваат одредбите од Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на РСМ.

4.2.9. Општина Гостивар нема изготвено и доставено Годишен извештај за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), што не е во согласност со член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Наведената состојба придонесува за нетранспарентност во однос на наменското користење на средствата за донесување на урбанистичка планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат бесправно изградените објекти.

**Препорака:**
Стручните служби во општината редовно да доставуваат годишни извештаи за користењето на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1 Во деловните книги на Општина Гостивар на дена 31.12.2018 година се искажани побарувања во вкупен износ од 328.832 илјади денари. Со извршениот увид во аналитичката евиденција и старосната структура на побарувањата, ревизијата

констатира дека се искажани побарувања по основ на данок на имот од физички и правни лица, данок на промет, наследство и подарок, комунална такса за истакнување на фирма и комунална такса за користење на простор пред деловни простории и побарувања по основ на надоместок за јавна чистота. За наведените побарувања Општината не располага со податоци за старосната структура, како и дали за истите постои законска можност за нивна наплата согласно Трет дел-Утврдување и наплата на даноците на имот од Законот за даноците на имот.

На овој начин искажаните побарувања не даваат реална слика за објективно прикажување на истите во финансиските извештаи, што не е во согласност со член 7 и 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**
Стручните служби да преземат мерки и активности за утврдување на старосната структура на побарувањата по основ на даноци и такси, да се утврди законската можност за нивна наплата и да се преземат мерки за наплата на истите, со цел реално прикажување на податоците во деловните книги.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.2. и 4.3. кои се однесуваат на слабости при планирањето и реализирањето на буџетот на општината, неправилности кај утврдувањето и наплатата на даноците на имот, комуналните такси, не утврден правниот основ и старосната структура на побарувањата по основ на даноци на имот и комунални такси.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

**Судски решенија**

6.1. Во 2018 година, Општината во својство на тужена страна се јавува во 14 судски постапки, по основ на долг, надомест на штета, утврдување на надомест за одземена недвижност, утврдување на право на сопственост, работен спор и други основи, врз основа на кои се побарува за главен долг, во вкупна вредност од 145.475 илјада денари.

Поради тоа што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, што може значително да влијае и да ја оптерети Општината во наредниот период и за судски постапки кои се завршени и по кои се добиени извршни решенија за наплата од буџетот на Општината.

6.2. Ревизијата има обврска да истакне дека Општина Гостивар остварува приход од концесиски надоместок за експлоатација на минерални суровини по основ на користење на простор и по основ на експлоатирана количина на минерални суровини кој што за 2018 година изнесува 2.847 илјади денари. Со член 46 став 5 од Законот за минерални суровини е пропишано примерок од договорите за концесија за експлоатација на минерални суровини, како и анексите на договорите за концесија за експлоатација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, да ги доставува до надлежни институции и општината, на чие подрачје се врши концесиската дејност. Согласно член 75 од Законот за минерални суровини, надоместок за користење на простор се плаќа годишно, додека плаќањето на концесиските надоместоци за експлоатираната количина на минерални суровини се врши на секои три месеци за продадените количини на минералните суровини од страна на концесионерот.

Приходот по основ на надоместок за минерални суровини се распределува во соодност 22% приход на Буџетот на РМ и 78% приход на Буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност од уплатените средства.

Со ревизијата не можевме да се увериме дека општината располага со соодветни податоци за доделените договорите за концесии на нејзина територија и за надоместок за концесии за минерални суровини, како и со други податоци поврзани со концесиите поради што не може да се направат реални проекции за планираниот приход од концесии на годишно ниво. Општина Гостивар во идниот период треба да преземе активности, во насока на добивање на целосни и комплетни податоци за концесиите на територија на Општина Гостивар од надлежните органи на државната управа со цел реално планирање на приходите од концесиски надоместоци.

6.3. Со одредбите од член 2 од Законот за изменување на Законот за земјоделско земјиште[3], а во однос на член 33 од Законот за земјоделско земјиште е пропишано дека до отпочнување на примена на горенаведениот член на 01.01.2018 година, приходот од закупнина на земјоделско земјиште во државна сопственост за 2018 година се распределува во соодност 70% и 30% помеѓу РМ и општините. Со отпочнувањето на примена на одредбите од член 33, од 01.01.2018 година, приходот од закуп на земјоделско земјиште ќе се распределува во соодност од 50% за РМ и општините во РМ, со услов реализација на приходи од данок на недвижен имот над 80% во однос на планираните во претходните години според податоците од трезорската евиденција. Доколку општините не го исполнат условот за реализација на приходи на данок на имот, нема да остварат приход по основ на закуп на земјоделско земјиште, односно средствата од закупнина ќе бидат приход на Буџетот на РМ.

Општина Гостивар во 2018 година има реализацијата на приходите по основ на данокот на имот во износ од 69%, додека реализацијата на приходите на вкупните даноци на имот (данок на имот, данок на промет и данок на наследство и подарок) се во износ од 91. Ревизијата истакнува дека доколку реализацијата на приходите од данок на недвижен имот е пониска од 80% постои неизвесност во однос на остварување на приходот од закуп на земјоделско земјиште.

## 7. Останати прашања

### Регистар на недвижен имот и Регистар на подвижен имот

7.1. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините,

[3] Сл. весник бр.166/14

општините во Град Скопје и градот Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Во досегашниот период не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Причината за наведеното е поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во РМ, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина (КО) и катастарска парцела (КП).

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Македонија).

**Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата**

7.2. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила – тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општините, општините во градот Скопје и за Градот Скопје. Во постојното законски решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат неплатената такса на сметка на општините и градот, да известуваат за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

7.3. Согласно член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата, и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се

изврши измена и дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

7.4. Во одредбите на член 49 од Законот за пожарникарството, се наведени средствата за финансирање на пожарните единици, во кои меѓу другите се и средства во висина од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, согласно став 1 алинеја 4 од овој член. По овој основ во буџетот на Општина Гостивар е уплатен износ од 2.445 илјада денари. Согласно законското решение, Општината нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат, ниту пак има законска можност да се увери во точноста и целосноста на уплатените средства. Исто така планираниот приход на општината по основ на средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од обласа на заштитата од пожари и експлозии согласно член 59 став 1 алинеја 5 не се остваруваат.

7.5. Поради неусогласеност на законските прописи и акти, не се пресметува и наплатува надоместок за уредување на градежното земјиште за одделни делови на објекти поради следното:

- во Правилникот за степен на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост во член 4 став 1 точка 5 предвидени се „Бензински пумпни станици и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории): продажни простории на бензински пумпни станици и услужни простории на бензински пумпни станици“ со коефициент 1,0. Составен дел на бензинските пумпни станици се и настрешниците над пумпите за точење на гориво, кои претставуваат функционална целина од објектот и трајно се поставени на катастарската парцела. Истите се најпрофитабилниот дел од објектот, а како дел од објектот имаат најголема потреба од целосно комунално уредување. Во член 74 од Законот за катастар на недвижности и член 12 од Правилникот за премер и обработка на податоците од премерот се констатира дека тие објекти немаат корисна површина, односно „конзолно наддадените делови на зградата не влегуваат и не се пресметуваат во површина на земјиште под зграда“ поради што не може да се пресмета надоместок за комунално уредување;
- согласно Правилникот за степен на уредување на градежно земјиште во член 4 став 2 алинеја 5 „во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуваат

површините на подземните резервоари“, поради што не може да се пресмета надоместок за комунално уредување;
- при пресметување на надоместокот за „асфалтни бази“ најголем дел од површината на асфалтните бази е зафатена со инсталации, опрема, машини и простор за комуникација, а многу мал дел е корисна површина од некој објект, така да реално не може да се дефинира корисна површина за пресметување на надоместокот.

Согласно член 2 став 1 точка 2 од Закон за градење изразот градба го има следното значење „Градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема“.

Неусогласените и непрецизни законски решенија доведуваат до проблеми при примената поради што ревизијата смета дека надлежните органи треба да преземат мерки за соодветно регулирање на ова прашање.

## ОПШТИНА ГОСТИВАР
## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1 | 171.070 | 143.693 |
| Неданочни приходи | 3.2 | 11.472 | 7.259 |
| Капитални приходи | 3.3 | 25.895 | 26.686 |
| Трансфери и донации | 3.4 | 87.643 | 80.890 |
| **Вкупно приходи** | | **296.080** | **258.528** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1 | 61.618 | 53.718 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2 | 1.713 | 825 |
| Стоки и услуги | 3.5.3 | 109.902 | 99.976 |
| Каматни плаќања | 3.5.4 | 9 | 236 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5 | 22.345 | 14.920 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6 | 592 | 251 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **196.179** | **169.926** |
| **Капитални расходи** | 3.6 | **85.552** | **71.054** |
| **Отплата на главница** | 3.7 | **9.079** | **9.235** |
| **Вкупно расходи** | | **290.810** | **250.215** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.270** | **8.313** |
| **Непокриени расходи** | | **5.270** | **8.313** |

ОПШТИНА ГОСТИВАР
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2018 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | **4.1.1** | 5.270 | 8.313 |
| Побарувања | **4.1.2** | 328.832 | 284.231 |
| **Вкупно тековни средства** | | **334.102** | **292.544** |
| **Вкупна актива** | | **334.102** | **292.544** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | **4.2.1** | 334.102 | 292.544 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **334.102** | **292.544** |
| **Вкупна пасива** | | **334.102** | **292.544** |

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
30.09.2019
13-111/8

До:
Државен Завод за Ревизија
ул."Јордан Мијалков", Палата "Емануел Чучков"
1000, Скопје
Република Северна Македонија

**ПРЕДМЕТ: Доставување на забелешки**
**Ваш број: 13-111/7, од 30.08.2019 година**

Почитувани,
Во врска со Нацрт ревизорскиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2018 година во Општина Гостивар, согласно член 30 став 2 од Законот за државна ревизија (Службен весник на РСМ број 66/10 ... 83/18), во законски предвидениот рок ги доставуваме следниве забелешки на вашите наоди :

## I. Сметка на основен буџет (630)

4.1.Внатрешни контроли
4.1.1. Процес на буџетирање
Во овој дел ревизијата има констатирано нецелосна примена на донесените процедури за навремено и транспарентно донесување на Буџетот на општината за 2018 година.
При донесување на Буџетот на општината за 2019 година, во целост се запазени насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии и одредбите од Законот за буџети, а одржани се и јавни расправи, во функција на навремено и транспарентно донесување на Буџетот.

Во прилог линк од објавите
- http://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2017/11/Bul.zyrtar-nr.12-31.12.2018.pdf
- Презентација на предлог-буџетот на Општина Гостивар за 2018 година | Гостивар
- ИНФОРМАТИВНА СРЕДБА ЗА ПРЕДЛОГ-РЕБАЛАНЦОТ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР | Гостивар
- http://gostivari.gov.mk/mk/%d0%bd

Deri te:
Enti shtetëror i statistikës
rr."Jordan Mijallkov", Pallati „Emanuel Çuçkov"

1000, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**LËNDA: Dorëzimi i vërejtjeve**
**Numri juaj: 31-111/7, dt 30.08.2019**

Të nderuar,
Në lidhje me Draft raportin revizor për revizionin e kryer të raporteve financiare dhe revizionin e pajtueshmërisë për vitin 2018 në Komunën e Gostivarit, në pajtim me nenin 30 paragrafi 2 i Ligjit për revision shtetëror (Gazeta zyrtare e RMV-së nr. 66/10 … 83/18), ne afatin e përcaktuar ligjor , i dorëzojmë vërejtjet e mëposhtme të gjetjeve tuaja:

## I. Llogari të buxhetit bazë (630)

4.1. Kontrolli i brendshëm
4.1.1. Procesi i buxhetimit
Në këtë pjesë revizioni ka kontrollë të pranimit jo të plotë të procedurave të sjelluara me kohë dhe miratimit transparent të Buxhetit të komunës për vitin 2018.
Gjatë miratimit të Buxhetit të komunës për vitin 2019, plotësisht respektohen udhëzimet e dhëna në cirkularin buxhetot e Ministrisë për financa dhe dispozitat e Ligjit për buxhete, dhe janë mbajtur seanca publike në funkcionim të plotë dhe miratim transparent të Buxhetit.

Në shtojcë link i shpalljes
http://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2017/11/Bul.zyrtar-nr.12-31.12.2018.pdf
- Prezantimi i propozim-buxhetit të Komunës së Gostivarit për vitin 2018 Gostivar
- TAKIM INFORMATIV PËR PROPOZIM-REBALANSIN E BUXHETIT TË KOMUNËS SË GOSITVARIT –Gostivar
- http://gostivari.gov.mk/mk/%d0%bd



Bul. V Gjinoski 61, 1230 Gostivar, Republika e Maqedonisë së Veriut
Бул. Б. Гиноски 61,1230 Гостивар, Република Северна Македонија
Bul. B Ginoski 61, 1230 Gostivar, Kuzey Makedonya Cumhuriyeti

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ZYRA SHTETËRORE E REVIZIONIT



%d0%b0-
%d0%b3%d1%80%d0%b0%d1%93%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-
%d0%b8%d0%bc-%d1%81%d0%b5-
%d0%bf
%d1%80%d0%b5%d0%b7%d0%b5%d0%bd
%d1%82%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%88%d0%b5-%d0%bf
%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bb/

Планот на програмите за развој за 2019 година донесен е во законски предвидениот рок, 15.11.2018 година, и истиот е објавен на официјалната страна на општина Гостивар.

Во прилог линк од објавата

- http://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2018/11/Programi-Zhvillimor-2019-FINALE-2.pdf

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1.Реализација на буџетот за 2018

Во овој дел ревизијата има констатирано отстапување на реализациајата на приходите и расходите за 2018 година во однос на планираното, особено кај капиталните приходи и капиталните расходи, и покрај донесениот ребаланс на Буџетот за 2018 година.

Првично сакаме да ја истакнеме ситуацијата во која се наоѓаше општина Гостивар при донесување на Буџетот за 2018 година и временото финансирање во првиот квартал од 2018 година, како главна причина за констатираната состојба.

Донесување на Буџетот на општината за 2019 година се темели на планирање на ставки врз реални состојби и можности, а како доказ е реализацијата на приходите до 15.09.2019 година во износ од 75,06% од планираното, и реализација на расходите во износ од 71,35% од планираниот буџет.

Во прилог

- Преглед спецификација на приходи на општина Гостивар за период 01.01-15.09.2019 година
- Преглед спецификација на расходи на

%d0%b0-
%d0%b3%d1%80%d0%b0%d1%93%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-
%d0%b8%d0%bc-%d1%81%d0%b5-
%d0%bf
%d1%80%d0%b5%d0%b7%d0%b5%d0%bd
%d1%82%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%88%d0%b5-%d0%bf
%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bb/

Plani i programeve për zhvillim për vitin 2019 është sjellur në afatin e paraparë ligjor, 15.11.2018, dhe i njëjti është i shpallur në faqen oficiale të komunës së Gostivarit.

Në shtojcë link i shpalljes

- http://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2018/11/Programi-Zhvillimor-2019-FINALE-2.pdf

### 4.2.Harmonizimi me ligjet dhe dipozitat

4.2.1.Realizimi i buxhetit për v. 2018

Në këtë pjesë revizioni ka konstatuar devijim të realizimit të të ardhurave dhe shpenzimeve për vitin 2018 në lidhje me të planifikuarën, veçanërisht te ardhurat kapitale dhe shpenzimet kapitali, dhe krahas rebalansit të sjellur të Buxhetit për vitin 2018.

Fillimisht duam të potencojmë situacionin në të cilën gjendet komuna e Gostivarit gjatë miratimit të Buxhetit për vitin 2018 dhe financimit me koh në kuartalin e parë të vitit 2018, si arsye kryesore për gjendjen e konstatuar.

Miratimi i Buxhetit të komunës për vitin 2019 bazohet në zëret e planifikuara në bazë të gjendjes dhe mundësive reale, dhe si dëshmi është realizimi i të ardhurave deri më 15.09.2019 në shumë prej 75,06% nga e planifikuara dhe realizimi i shpenzimeve në shumë prej 71,35% nga e buxheti i planifikuar.

Në shtojcë

- Pasqyrë specifikimi i të ardhurave të komunës së Gostivarit për periudhën 01.01-15.09.2019
- Pasqyrë specifikimi i shpenzimeve të

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

општина Гостивар за период 01.01-15.09.2019 година

komunës së Gostivarit në periudhë 01.01-15.09.2019

4.2.3. Во делот на утврдувањето и наплатата на приходите по основ на даноците на имот, се презедоа мерки околу формирањето на работно тело кое пристапи кон изменување и дополнување на Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Гостивар согласно законските одредби.

4.2.3. Në pjesë e përcaktimeve dhe pagesave të të ardhurave bazuar në donacionet e pronës, u ndërmorën masa rreth formimit të trupit punues i cili u qas drejt ndryshimit dhe plotësimit të Vendimit për përcaktimin e zonave për vërtetimin e vlerës tregtare të tokës së patundshme në territorin e Komunës së Gostivarit në pajtim me dispozitat ligjore.

Во точка 6 е констатирано дека општината нема преземено мерки за издавање на опомени и решенија за присилна наплата за 2018 година.

Në pikën 6 është konstatutar se komuna nuk ka ndërmarrë masa për dhënien e vërejtjeve dhe aktvendimeve për pagesa të dhunshme për vitin 2018.

Таквиот наод покрена активности и општина Гостивар презеде мерки и активности за доставување на опомени до должниците по основ даноци на имот, и до денот на доставување на забелешките испратени се опомени до правните лица за долгот што го имаат по основ данок на имот.

Rezultati i këtillë ngriti aktivitete dhe komuna e Gostivarit ndërmorri masa dhe aktivitete për dorëzimin e vërejtjeve deri te obliguesit në bazë të tatimit në pronë dhe deri në ditën e dorëzimit të vërejtjeve të dërguara me vërejtje deri te personat fizik për borxhin që kanë në bazë të tatimit në pronë.

Во прилог
- Копија од Решението за формирање на работна група бр.09-2146/1 од 25.09.2019 година
- Копија од опомени за данок на имот на правни лица за неколку фирми
- Доказ за испратени опомени со користење на услугите на Македонска Пошта

Në shtojcë
- Kopje nga Aktvendimi për formimin e grupit punues nr. 09-2146/1 dt. 25.09.2019
- Kopje nga vërejtjet për tatimin në pronë të personave fizik për disa firma
- Dëshmi për vërejtjet e dërguara me shfrytëzim të shërbimeve të Postës së Maqdonisë

4.2.4. Во делот утврдување и наплата на приходите од комунална такса од привремен престој, градоначалникот на Општина Гостивар назначи лица од редовите на општинската администрација со овластување кои ќе ги извршуваат работите согласно Законот за таксата за привремен престој и ќе спроведуваат надзор над наплатата на овој вид такса, се до пополнување на планираното работно место

4.2.4. Në pjesën përcaktimi dhe pagesa e të ardhurave nga taksat komunale qëndrim të përkohshëm, Kryetari i Komunës së Gostivarit emërroi persona nga radhët e administratës komunale me autorizim të cilët do t'i kryejnë punët në pajtim me Ligjit për taksat për qëndrim të përkohshëm dhe do të realizojnë mbikëqyrje mbi pagesën e këtij lloji të taksave, deri në plotësimin e vendeve të planifikuara të punes.



Bul. V.Gjinoski 61, 1230 Gostivar, Republika e Maqedonisë së Veriut
Бул. Б. Гиноски 61, 1230 Гостивар, Република Северна Македонија
Bul. B Ginoski 61, 1230 Gostivar, Kuzey Makedonya Cumhuriyeti

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

Во прилог
- Копија од овластувањето бр.09-2144/1
- Копија од овластувањето бр.09-2144/2

Në shtojcë
- Kopje nga autorizimi nr. 09-2144/1
- Kopje nga autorizimi nr. 09-2144/2

4.2.5. Наплатата на приходите од одржувањето на јавна чистота во име и за сметка на Општина Гостивар ја врши јавното препријатие Комуналец. Бидејќи до денот на ревизијата не е остварен приход по овој основ, сакаме да истакнеме дека од наша страна се преземени мерки за наплата на истиот и на буџетската сметка на општината префрлени се средства од јавното претпријатие по основ наплатен приход од надоместок за одржување на јавна чистота, согласно Одлуката за одржување на јавна чистота и утврдување на надоместок за одржување на јавна чистота бр.07-1785/1.

4.2.5 Pagesat e të ardhurave nga mirëmajtja e pastërtisë publike të emrit dhe për llogarinë e Komunës së Gostivarit e kryen ndërmarrja puboike “Komunalec”. Sepse deri në ditë e revizionit nuk janë realizuar të ardhura sipas kësaj baze, duam të potencojmë se nga ana jonë janë ndërmarrë masa për pagesën e të njëjtit dhe të llogarisë buxhetore janë transferuar mjete nga ndërmarrja publike në bazë të të ardhurave të paguara nga kompensimet për mirëmbajtjen e pastërtisë publike, në pajtim me Vendimin për mirëmbajtjen e pastërtisë publike dhe përcaktimin e kompensimit për mirëmbajtjen publike nr. 07-1785/1.

Во прилог
- Копија од изводот на промет и состојба на сметка бр.180 од 23.09.2019 година

Shtojcë
- Kopje nga ekstrakti qarkullimit dhe gjendjes në llogarinë nr. 180 dt.23.09.2019

## II. Сметка на основен буџет (637)

4.2.1.Усогласеност со закони и прописи
Во овој дел ревизијата го истакна ангажирањето на лица преку Агенција за привремени вработувања во 2018 година.
На 16-тата седница на Советот на општина Гостивар одржана на 20.09.2019 година, се усвои нов Годишен план за вработување за 2020 година, со кој се планира вработување на потребниот кадар согласно законските одредби и Правилникот за организација и систематизација на работи и работни задачи.

Во прилог
- Копија од Одлуката на Совет за усвојување на Годишниот план за вработување за 2020 година од 20.09.2019 година

4.2.3. Во делот исплата на средства на вработените за работна успешност, реализирана во 2018 година, сакаме да истакнеме дека се преземени мерки и активности во текот на 2019 година и донесено е Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на Општина Гостивар бр.09-1084/1 како дел од регресот за

## II. Llogaria e bushetit themelor (637)

4.2.1. Harmonizimi me ligje dhe dispozita
Në këtë pjesë revizioni e potencoi angazhimin e personave nëpërmjet Agjencionit për punësive të përkohshme në vitin 2018.
Në seancën 16 të Këshillit të Komunës së Gostivarit mbajtur më 20.09.2019 u miratua Program i ri vjetor për punësime për vitin 2020, me të cilën u planifikua punësime të kuadrove të nevojshme në pajtim me dispozitat ligjore dhe Rregullores për oganizimin dhe sistematizimin e punëve dhe detyrave punuese.

Në shtojcë
- Kopje nga Vendimi i Këshillit për miratimin e Planit vjetor për punësive për vitin 2020 nga 20.09.2019.

4.2.3. Në pjesën pagesa e mjeteve për të punësuarit për punën e suksesshme, e realizuar në vitin 2018, duam të themi se janë ndërmarrë masa dhe aktivitete gjatë vitit 2019 dhe është sjellë Aktvendim për shpërndarjen e një pjese të mjeteve nga Buxheti i Komunës së Gostivarit nr. 09-1084/1 si pjesë nga regresi për vitin 2019 në pajtim me të

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

2019 годин согласно кое е исплатен надоместок на вработените од соодветното конто 404.

Во прилог

- Копија од Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на Општина Гостивар бр.09-1084/1
- Копија од изводот на промет и состојба на сметка бр.73 од 31.05.2019.

4.2.5. Јавното претпријатие Градски паркинг и зеленило, основано од општината за одржување на јавното зеленило, ја има доставено Годишната програма за работа за 2019 година. Советот на Општина Гостивар на 12-тата седница одржана на 27.02.2019 година ја има усвоено Годишната програма за работа на ЈП, согласно Одлуката на управниот одбор на претпријатието.

Во прилог

- Заклучок од Советот за давање согласнсот за Годишната програма за работа на ЈП Градски паркинг и зеленило за 2019 година бр.08-521/1 од 27.02.2019

4.3. Финансиски извештаи

4.3.2. Утврдениот наод кој се однесува на идентификација, проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата во 1999 и 2000 година, Во овој дел сакаме да истакнеме дека Општина Гостивар има преземено мерки и активности за проценка и упис на имотот пред Агенцијата за катастар на недвижности, односно во тек е постапка за утврдување на правниот статус на административната зграда.

Во прилог

- Копија од барањето за утврдување на правниот статус на имото на Општина Гостивар бр.18-3095 од 31.12.2018

4.3.3. Со составувањето на завршната сметка за 2018 година за сметката на орган на Општина Гостивар, одговорниот сметководител постапил по законските одредби и презел активности за пресметување на

cilën është paguar kompensimi i punonjësve nga kontoja adekuate 404.

Në shtojcë

- Kopje nga Aktvendimi për përcaktimin e një pjesë të mjeteve nga Buxheti i Komunës së Gostivarit nr. 09-1084/1
- Kopje nga ekstrakti i qarkullimit dhe gjendjes në llogarinë nr.73 të 31.05.2019.

4.2.5. Ndërmarrja publike Parkingjet dhe gjelbërimi i qytetit e themeluar nga komuna për mirëmbajtjen e gjelbërimit publik, e ka dorëzuar Programin vjetor për punë për vitin 2019. Këshilli i Komunës së Gostivarit në seancën 12 të mbajtur më 27.02.2019 e ka miratuar Programin vjetor për punën e NP në pajtim me Vendimin e Këshillit drejtues të ndërmarrjes.

Në shtojcë

- Konkluzion i Këshillit për dhënien e pëlqimit për Programin vjetor për punën e NP Parkingu i qytetit dhe gjelbërimi për vitin 2019 nr. 08-521/1 dt. 27.02.2019

4.3. Raporti financiar

4.3.2.Rezulltati i verifikuar i cili kanë të bëjnë me identifikimin, vlerësimi dhe evidentimi e një pjese të pronës së përfituar me bilans ndarës të sjellur nga Qeveria në vitin 1999 dhe 2000. Në këtë pjesë duam të potencojmë se Komuna e Gostivarit ka ndërmarrë masa dhe aktivitete për vlerësim dhe regjistrimin e pronës para Agjencionit për kadastër të patunshmërisë, respektivisht në procedurën e sipër është përcaktimi i statusit juridik të ndërtesës administrative.

Në shojcë

- Kopje nga kërkesa për përcaktimin e statusit juridik të pronës së Komunës së Gostivarit nr. 18-3095 dt. 31.12.2018

4.3.3. Me përpilimin e llogarisë përfundimtare për vitin 2018 për llogarinë e organit të Komunës së Gostivar, kontabilisti përgjegjës veproi në bazë të normave ligjore dhe mori aktivitet për llogaritje të amortizimin dhe valorizimit të



Bul. V Gjinoski 61, 1230 Gostivar, Republika e Maqedonisë së Veriut
Бул. Б. Гиноски 61,1230 Гостивар, Република Северна Македонија
Bul. B Ginoski 61, 1230 Gostivar, Kuzey Makedonya Cumhuriyeti

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

амортизацијата и ревалоризацијата на материјалните средства со кои располага општината, што може да се види од прикажаните вредности во образецот Биланс на состојбата на ден 31.12.2018 година, од образецот РЕВ-1 за 2018 година и картица на конто 900 деловен фонд

Во прилог:

- Копија од образецот Биланс на состојбата на ден 31.12.2018 година
- Копија од образецот РЕВ-1 за 2018 год
- Копија од картица на конто 900 деловен фонд

4.3.4. Со спроведената ревизија на залихите на материјали (канцелариски материјали, материјали за АОП, средства за хигиена, ситен инвентар, материјали за улично осветлување, екстра лесно масло за домаќинство и др.) и констатирана состојба и дадените препораки, општина Гостивар преземе мерки и активности за регулирање на приемот и издавањето на материјалите. Со назначување на одговорно лице кое ќе води материјална евиденција на залихата на материјали, е започната активност во целосно имплементирање на оваа препорака.

Во прилог:

- Копија од Овластувањето за именување на одговорно лице за прием и издавање на материјали бр.09-2145/1 од 25.09.2019 година

4.3.5. Во делот ревизија на позицијата Обврски спрема добавувачите, одговорниот сметководител презеде мерки и активности за евидентирање на долгорочните обврски по основ на кредитно задолжување кон Министерството за финансии и кон Комерцијална банка, со цел реални прикажани вредности на обврските спрема

mjeteve materiale që posedon komuna, që mundet të shikohet nga vlerat përshkruese nga bilanci i gjendjes të datës 31.12.2018 nga formulari REV-1 për 2018 dhe kartelën për konton 900 fondi afarist.

Në shtojcë:

- Kopje nga formulari bilanc i gjendjes të ditës, 31.12.2018.
- Kopje nga formulari REV-1 për 2018
- Kopje nga kartela e kontos 900 fondi afarist.

4.3.4 Me revizionin e kryer te mbetjeve materiale (materiale zyre, materiale për AOP, mjete për higjienë, inventar i imët, materiale për ndriçim publik, vaj djegës për amvisëri dhe tjerë) dhe konstatimi i gjendjes si dhe porositë e dhëna, Komuna e Gostivarit mori masa dhe aktivitete për rregullimin për pranimin dhe dorëzimin e materialeve. Me emërtim të personit përgjegjës i cili do te mbajë evidencë të materialit dhe mbetje të materialit ka filluar aktiviteti për implementim të plotë të këtij udhëzimi.

Ne shtojce :

- kopje nga Autorizimi për emërim të personit përgjegjës për pranim dhe dhënie të materialeve nr.09-2145/1 të datës 25.09.2019.

4.3.5 Në pjesën e revizionit në pozicionin e detyrimeve ndaj furnitorëve, kontabilisti përgjegjës morri masa dhe aktivitete për evidentimin e detyrimeve afatgjate në bazë të kreditit si borxh ndaj Ministrisë së financave dhe bankës Komerciale, me qëllim të paraqitjes reale të vlerave dhe detyrimeve ndaj furnitorëve.

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

добавувачите.

Во прилог:

- Копија од финансиски картици за конто 92 за 2019 година задолжување кон Министерството за финансии и кон Комерцијална банка

Në shtojcë:

- Kopje e kartelave financiare për konto 92 të vitit 2019 borxhi ndaj Ministrisë së financave dhe ndaj Bankës Komerciale.

4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Спроведувањето на постапките за планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки во ревидираниот период од 2015-2018 година, констатирани се наоди на одредени слабости во овој дел.

Воедно, одделението за јавни набавки преземе мерки и активности за коригирање на констатираната состојба и пристапи кон ревидирање на Решението за јавните набавки во кое сега проценетата вредност на јавната набавка е прикажана без вклучен ДДВ.

Исто така, лицето овластено за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, ја ажурирање својата база на податоци и започна со следење и на степенот на реализација на склучените договори.

4.4 Shfrytëzimi i mjeteve në pajtim me normat ligjore

4.4.1 Zbatimi i procedurave për planifikimin, zbatimin dhe realizimin e procedurave për furnizime publike në periudhën e reviduar prej 2015-2018, janë konstatuar dobësi të caktuara në këtë pjesë.

Njëkohësisht, departamenti i furnizimeve publike ndërmori masa dhe aktivitete për korrigjimin e situatës së konstatuar dhe iu qas revidimit të Aktvendimit për furnizimet publike e cila tash tek vlera e përcaktuar e furnizimit publik është e treguar pa TVSH.

Gjithashtu, personi i autorizuar për ndjekjen e realizimit të kontratave për furnizime publike, e azhurnoi bazën e tij personale të të dhënave dhe filloi me ndjekjen e nivelit të realizimit të kontratave të lidhura.

Во прилог:

- Копија од Решение за јавните набавки од 24.09.2019 година

Në shtojcë:

- Kopje e Aktvendimit për furnizimet publike nga data 24.09.2019

4.4.5. Во оваа точка од ревизорскиот извештај која се однесува на слабости во постапки и договорите за јавни набавки за изведени работи за капитални инвестиции и санации во периодот 2015-2018 година, се пристапи преземање активности согласно наведените наоди и целосно почитување на законските одредби.

Воедно, се овласти лице вработено во општинската администрација кое ќе врши прием и контрола на потребните

4.4.5. Në këtë pikë nga raporti i revizionit e cila ka të bëjë me dobësitë e procedurave dhe kontratave për furnizime publike për punë të realizuara për investime kapitale dhe sanime për periudhën 2015-2018, u ndërmorën aktivitete në pajtim me konstatimet e gjetura si dhe tërësisht respektimin e normave ligjore.

Njëkohësisht, u autorizua person i punësuar në administratën e komunës i cili do të bëjë pranimin dhe kontrollimin e dokumentacionit

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

документации за извршените градежни работи согласно договореното.
Се пристапи кон ажурирање на договорот за јавни набавки во делот рок на изведба и технички прием на работите.
Се пристапи кон барање за поврат на повеќе исплатени средства поради аритметичка грешка во времена ситуација кон операторот АД Пелагонија, за што имаме позитивен одговор.

Во прилог:

- Копија од Овластувањето бр.09-2147/1 од 25.09.2019 година
- Копија од Договор за реконструкција на патишта во град Гостивар бр.24-1562/4 од 05.09.2019 година
- Копија од барањето до АД Пелагонија за поврат на средства и Одговорот од нивна страна.

Се надеваме дека наведените забелешки по основ на вашите наоди во Нацрт ревизорскиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2018 година во Општина Гостивар ќе бидат земени во предвид при составување на Конечниот ревизорскиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2018 година во Општина Гостивар.

Однапред ви благодариме,

Со почит

të nevojshëm për punët ndërtimore të realizuara në pajtim me marrëveshjen.
Iu qas azhurnimit të kontratës për furnizime publike në pjesën e realizimit dhe pranimit teknik të punëve.
U bë kërkesë për kthimin e mjeteve financiare të paguara më tepër për shkak të gabimit aritmetik në situacion kundrejt operatorit Pellagonija SHA, për të cilën kemi përgjigje pozitive.

Në shtojcë:

- Kopje e Autorizimit nr. 09-2147/1 nga 25.09.2019
- Kopje e Kontratës për rikonstruimin e rrugëve të qytetit të Gostivarit nr.24-1562/4 të dt.05.09.2019
- Kopje e kërkesës deri te Pellagonija SHA për kthim të mjeteve dhe Përgjigjen nga ana e tyre.

Shpresojmë që vërejtjet e përmendura në bazë të konstatimeve të juaja në Draft raportin e revizorit për revizionin e realizuar të përputhshmërisë dhe revizion financiar për vitin 2018 në Komunën e Gostivarit do të merren parasysh gjatë përpilimit të raportit final për revizionin e kryer të raporteve financiare dhe revizionit të përputhshmërisë për vitin 2018 në Komunën e Gostivarit.

Ju faleminderit paraprakisht,

Me respekt

Бр./Nr: 09-565/4
27.09.2019
Гостивар/Gostivar

Kryetari i komunës
Градоначалник
**Arben Taravari**



Bul. V.Gjinoski 61, 1230 Gostivar, Republika e Maqedonisë së Veriut
Бул. Б. Гиноски 61,1230 Гостивар, Република Северна Македонија
Bul. B.Ginoski 61, 1230 Gostivar, Kuzey Makedonya Cumhuriyeti

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 27.09.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Општина Гостивар, бр.09-565/4 од 27.09.2019 година, од одговорното лице градоначалникот Арбен Таравари, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-111/8 од 30.09.2019 година.

Забелешките кои се однесуваат на нацрт извештаите се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет – (630)**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1** која се однесува на внатрешните контроли во процесот на буџетирање за нецелосна примена на донесените процедури во овој процес, **претставува известување,** дека при донесување на буџетот за 2019 година се почитувани насоките дадени во циркуларот од Министерството за финансии, одржани се јавни расправи, во законски утврдениот рок е донесен Планот на програмите за развој за 2019 година и почитувани се законските одредби од Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, а во функција на транспарентно донесување на буџетот.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1** која се однесува на отстапување на остварените приходи во однос на планираните и покрај донесениот ребаланс на буџетот согласно член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, **претставува известување**, за состојбите во кои се наоѓала општината при донесување на буџетот за 2018 година, кои состојби при составување на Нацрт извештајот ревизијата ги имаше во предвид бидејќи се работи за изборна година. За реалното планирање со буџетот за 2019 година доставени ни се докази дека со 15.09.2019 година буџетот на Општина Гостивар има реализација на приходите од 75,06% во однос на планираните, ревизијата е на мислење дека со донесената измена со дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со која е регулирано дека сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција, е намалена можноста од донесување на нереални буџети кои се остваруваат со големи отстапувања.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.3.** која се однесува на слабостите во делот на утврдување и наплата на приходите по основ на даноците на имот, **претставува известување.** Со решение бр.09-2146/1 од 25.09.2019 формирано е работно тело кое ќе пристапи кон изменување и дополнување на Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Гостивар. Во делот на алинеја 6 од наодот која се однесува за непреземени мерки за присилна наплата на доспеаните а неплатени обврски по данок на имот од страна на општината испратени се опомени до правни лица кои ги немаат платено обврските по овој основ. За преземените мерки од страна на субјектот соодветно ќе обелоденими во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор а препораката соодветно ќе ја прилагодиме.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.** која се однесува на наплата на комунална такса за привремен престој, **претставува известување**, за активностите кои се преземени односно дадено е овластување на две лица бр.09-2144/1 и 09-2144/2 кои ќе ги извршуваат работите согласно Законот за таксата за привремен престој до пополнување на работното место согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.5.** која се однесува наплата на приходите за одржување на јавна чистота кои ги наплаќа ЈП Комуналец и не ги трансферира на сметка на општината, **претставува известување,** дека со извод бр. 180 од 23.09.2019 година ЈП Комуналец Гостивар има префрлено средства во износ од 1.000 илјади денари на сметката на буџетот на Општина Гостивар.

**Сметка на основен буџет – 637**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1** која се однесува на ангажирањето на лица преку Агенцијата за привремени вработувања и слабостите во овој дел, **претставува известување**, за преземените мерки за надминување на слабостите. Во забелешката, се наведени преземените активности, што воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата.Советот на Општина Гостивар на 20.09.2019 година донел одлука за усвојување на Годишниот план за вработување за 2020 година, со кој се планира вработување на потребниот кадар согласно законските одредби и Правилникот за организација и систематизација на работи и работни задачи.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.3.** која се однесува на исплата на награда на вработените за прво и второ полугодие од 2018 година кое

не е во согласно со законската регулатива **претставува известување**. Во забелешката се наведени преземените активности, со што воедно се потврдува утврдената состојба. Субјектот известува дека во 2019 година на вработените имаат исплатено регрес за годишен одмор, а наодот се однесува на исплата на награди на вработените.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.5.** која се однесува на недонесена Програма за работа на ЈП Градски паркинг и зеленило и не усвоена Програма за одржување на јавното зеленило, **претставува известување,** со кое субјектот не известува дека на 27.02.2019 година Советот на Општина Гостивар ја има усвоено Годишната програма за работа на јавното претпријатие за 2019 година. Ова состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2.** која се однесува на идентификација, проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата во 1999 и 2000 година, **претставува известување** , за доставеното барање бр.18-3095 од 31.12.2018 година до Општина Гостивар за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење и бесправни објекти на здравствени установи, за примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита односно во тек е постапка за утврдување на правниот статус на административната зграда.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.3.** која се однесува на пресметување на амортизација и ревалоризација на материјалните средства со кои располага општината, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата. Во забелешката, се наведува дека одговорниот сметководител презел активности за пресметување на амортизација и ревалоризација на материјалните средства, но констатираната состојба во Нацрт извештајот е дека Билансот на состојба е изготвен од податоци од материјалната база, и дека пресметаната амортизација и ревалоризација не се евидентирани во сметководствената евиденција поради што и постојат разлики помеѓу Бруто билансот и Билансот на состојба.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.4.** која се однесува на невоспоставена материјална евиденција на набавката на канцелариски материјали, средства за хигиена, ситен инвентар, материјали за улично осветлување, екстра лесно масло за домаќинството, **преставува известување**, за преземените мерки по дадените препораки. Градоначалникот има дадено овластување за именување на одговорно лице за прием и издавање на материјали бр.09-2145/1 од 25.09.2019 година.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.5.** која се однесува на нереално искажување на обврските, **претставува известување**, за преземени мерки во делот на неевидентираните долгорочни обврски по кредити.
   Во прилог на забелешката доставени се копии од финансиските картици за конто 92 за 2019 година задолжување кон Министерство за финансии и кон една деловна банка. За преземените мерки од страна на субјектот соодветно ќе обелодениме во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.1** која се однесува за спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, **претставува известување,** за преземени мерки и активности за коригирање на констатираните состојби и пристапено е кон ревидирање на решенијата за јавните набавки.

9. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.5** која се однесува на констатирани слабости во постапките и договорите за јавни набавки за изведени работи за капитални инвестиции за периодот 2015 – 2018 година **претставува известување** за преземени активности и целосно почитување на законските одредби. Овластено е лице вработено во општинската администрација кое ќе врши прием и контрола на потребните документи за извршените градежни работи согласно договореното, пристапено е кон ажурирање на договорот за јавни набавки во делот на рок на изведба и технички прием на работите и доставено е барање до економскиот оператор за поврат на повеќе платените средства. За повеќе платените средства од економскиот оператор е добиено книжно одобрување кое ќе биде обелоденето во Конечниот извештај.